MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12 – 776/6
17-05-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1, член 23 став 1 и членот 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 15-та седница одржана на ден 9 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-776/1 од 23.02.2019 година.

Предметот со број 12-776/1 од 23.02.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-776/1 од 23.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за прекршување на членот 8-а од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во однос на тоа дека започнатите постапки за вработување треба да се стават во мирување со денот на донесувањето на одлуката за распишување на претседателски избори 2019 година, а кои сомневања во пријавата се однесуваат на постапката за вработување на 7 државни службеници во општина Кавадарци врз основа на јавен оглас број 43/2019 објавен на 08.02.2019 година. Воедно, во пријавата се наведува дека условите дефинирани во објавениот оглас не се во согласност со оние кои се пропишани во актот за систематизација на работни места во институцијата.

По разгледување на наводите во пријавата и добиениот одговор од општината, ДКСК констатира дека Општина Кавадарци постапила согласно членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и постапката за вработување започната врз основа на Јавниот оглас бр. 43/2019 објавен на 08.02.2019 година за вработување на 7 државни службеници во општина Кавадарци е ставена во мирување.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk